Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
SHKOLLA FILLORE KOMUNALE
"МАРКО ЦЕПЕНКОВ" Ш.О.-"MARKO CEPENKOV" Q.F.
Бр.-Nr. 08-242/3
14.09.2022 год.-viti
Станица Зелениково-Stacioni Zelenikovë

Врз основа на член 17 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности бр.12-13487/1 од 19.11.2019година, од Министерството за образование и наука на РСМ, ООУ,,Марко Цепенков "Зелениково објавува:

**О Г Л А С**

**За прибирање на понуди**

1.За изведување на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности во ООУ,,Марко Цепенков"Зелениково, во учебната 2022/2023 година, согласно Програмата за екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности и тоа:

-еднодневна екскурзија за учениците во III одделение
-настава во природа за учениците во V одделение
-дводневна екскурзија за учениците во VI одделение
- тродневна екскурзија за учениците во IX одделение
-еднодневен есенски излет за учениците од I до IX одделение
- еднодневен пролетен излет за учениците од I до IX одделение

Критериум за доделување на договор за изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности на учениците е најниска цена.

Минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот со докази за истите се :

-да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
-да е регистриран намалку три години пред изведувањето на ексурзијата, излетите и другите вонучилишни активности,
-да има успешно реализирано соодветна аражманска програма во Република Северена Македонија,
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Се покануваат сите заинтересирани понудувачи да достават понуди според документација што ја содржи програмата за изведување на екскурзиите ,излетите и другите вонучилишни активности на училиштето, која треба да се подигне во форма на тендерска документација со подетални услови во работен ден во периодот од 08:00 до 13:00 часот во училиштето.

Понудите потребно е да ги исполнуваат условите пропишани во документација. Понудите се доставуваат во затворен плик директно во писмена форма на архивата на училиштето од 08 до 13 часот,со назнака НЕ ОТВАРАЈ во горниот лев агол на следната адреса ООУ,,Марко Цепенков"Зелениково ул.1 бр.6 Зелениково ,со назнака за оглас за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности.

Понудата се доставува во оригинален примерок кој треба да биде потпишан и заверен од одговорно лице на понудувачот и треба да биде во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

**Понудата е делива.**

На денот на потпишувањето на договорот избраниот понудувач доставува банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзите,излетот и другите вонучилишни активности во висина од 5 % од вкупната вредност на договорот.

Огласот трае пет работни дена од денот на објавувањето во дневен печат.

Јавното отварање на понудите ќе биде на 23.09.2022 година во 11 часот.

Понудите кои ќе пристигнат подоцна нема да се разгледуваат.

Тел: 02 2 717 410.

ООУ,,Марко Цепенков"Зелениково